**20230150199**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 128 став (1) алинеја 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НОСЕЊЕТО, ВРЕМЕТО НА ТРАЕЊЕ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за носењето, времето на траење и распределбата на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/19 и 69/21), членот 6 се менува и гласи:

„Ознаките на основната униформа, амблем „ПОЛИЦИЈА“, натпис „ПОЛИЦИЈА“, амблем во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници кои извршуваат работни задачи од општа надлежност, заштита на определени личности и објекти и полициските службеници во организациските единици со седиште во МВР.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, ознаките на основната униформа, амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”, натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”, амблем во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници кои извршуваат работни задачи од општа надлежност, заштита на определени личности и објекти и полициските службеници во организациските единици со седиште во МВР.

Амблемот „ПОЛИЦИЈА“, натписот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници во организациските единици кои извршуваат работни задачи од областа на сообраќајот.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, амблемот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”, натписот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT”, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници во организациските единици кои извршуваат работни задачи од областа на сообраќајот.

Амблемот „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“, натписот „ПОЛИЦИЈА“, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници кои извршуваат работни задачи од областа на граничните работи.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, амблемот „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE”, натписот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници кои извршуваат работни задачи од областа на граничните работи.

Амблемите „ПОЛИЦИЈА“ и „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ се носат на левиот ракав, натписите „ПОЛИЦИЈА“ и „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ се носат на десниот ракав на составните делови на основната униформа, амблемот во форма на штит со намалени димензии се носи на предниот дел на капата „БК“, теренската капа и капата „ЕУ“, а металната ознака за шапка се носи на предниот дел од шапката.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, амблемите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” и „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE” се носат на левиот ракав, натписите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA”, и „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT” се носат на десниот ракав на составните делови на основната униформа, амблемот во форма на штит со намалени димензии се носи на предниот дел на капата „БК“, теренската капа и капата „ЕУ“, а металната ознака за шапка се носи на предниот дел од шапката.“

Член 2

Членот 10 се менува и гласи:

„Ознаките на униформата за извршување на посебни и специјални задачи, и тоа:

Амблемот „ПОЛИЦИЈА“, амблемот „СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА - ТИГАР“, амблемот во форма на круг со намалени димензии за Специјалната антитерористичка единица - Тигар, металниот амблем во форма на круг со намалени димензии, натписот за идентификација, натписот „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ и правоаголниот амблем со натпис за специјалност, оперативна и крвна група ги носат полициските службеници во Специјалната антитерористичка единица - Тигар.

Амблемот „ПОЛИЦИЈА“, амблемот „ЕДИНИЦА ЗА БРЗО РАСПОРЕДУВАЊЕ“, амблемот во форма на круг со намалени димензии за Единица за брзо распоредување, натписот за идентификација, натписот „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ и правоаголниот амблем со натпис за специјалност, оперативна и крвна група ги носат полициските службеници во Единицата за брзо распоредување.

Амблемот „ПОЛИЦИЈА“, амблемот „ПОСЕБНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА“, натписот за идентификација, натписот „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ и амблемот во форма на штит со намалени димензии ги носат полициските службеници во Посебната единица за поддршка и Единицата за обука и поддршка.

Амблемот „ПОЛИЦИЈА“, амблемот „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“, амблемот „ПОЛИЦИСКО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ и амблемот во форма на круг со намалени димензии за Единицата за интервентна полиција ги носат полициските службеници во Единицата за интервентна полиција.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, амблемот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“, амблемот „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI POLICOR PËR INTERVENIM“, амблемот „ПОЛИЦИСКО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJISIA POLICORE E POLICISË INTERVENTE“ и амблемот во форма на круг со намалени димензии за Единицата за интервентна полиција ги носат полициските службеници во Единицата за интервентна полиција.

Амблемот „ПОЛИЦИЈА“, амблемот „МОБИЛНА ЕДИНИЦА ЗА КОМПЕНЗАТОРНИ МЕРКИ“ и амблемот во форма на штит со намалени димензии ги носат полициските службеници во Мобилната единица за компензаторни мерки.

Амблемот „ПОЛИЦИЈА“, амблемот „ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА“ и амблемот во форма на круг со намалени димензии за Единицата за службени кучиња ги носат полициските службеници во Единицата за службени кучиња.

Амблемот „ПОЛИЦИЈА“ се носи на левиот ракав, амблемот за припадност на организационата единица се носи на десниот ракав, натписот за идентификација се носи над капакот на десниот џеб или на предната десна страна во висина на градите, натписот „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ се носи над капакот на левиот џеб или на предната лева страна во висина на градите, правоаголниот амблем со натпис за специјалност, оперативна и крвна група се носи над амблемот за припадност на организационата единица на десниот ракав на составните делови на униформата за извршување на посебни и специјални задачи, металниот амблем во форма на круг со намалени димензии се носи на беретката, амблемите во форма на круг со намалени димензии се носат на беретката, шеширот и капата безбол и амблемот во форма на штит со намалени димензии се носи на беретката, шеширот и капата безбол.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, амблемот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“ се носи на левиот ракав, амблемот за припадност на организационата единица се носи на десниот ракав, натписот за идентификација се носи над капакот на десниот џеб или на предната десна страна во висина на градите, натписот „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „MAQEDONIA E VERIUT“ се носи над капакот на левиот џеб или на предната лева страна во висина на градите, правоаголниот амблем со натпис за специјалност, оперативна и крвна група се носи над амблемот за припадност на организационата единица на десниот ракав на составните делови на униформата за извршување на посебни и специјални задачи, металниот амблем во форма на круг со намалени димензии се носи на беретката, амблемите во форма на круг со намалени димензии се носат на беретката, шеширот и капата безбол и амблемот во форма на штит со намалени димензии се носи на беретката, шеширот и капата безбол.“

Член 3

Членот 16 се менува и гласи:

„Полициските службеници кои носат свечена униформа го носат амблемот „ПОЛИЦИЈА“, натписот или амблемот за припадност на организациската единица, металната ознака за шапка и амблемот во форма на штит со намалени димензии.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, полициските службеници кои носат свечена униформа го носат амблемот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA", натписот или амблемот за припадност на организациската единица, металната ознака за шапка и амблемот во форма на штит со намалени димензии.

Амблемот на „ПОЛИЦИЈА“ се носи на левиот ракав, натписот или амблемот за припадност на организациската единица се носи на десниот ракав, металната ознака за шапка се носи на предниот дел од шапката и амблемот во форма на штит со намалени димензии се носи на предниот дел на капата „ЕУ“.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, амблемот на „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA", се носи на левиот ракав, натписот или амблемот за припадност на организациската единица се носи на десниот ракав, металната ознака за шапка се носи на предниот дел од шапката и амблемот во форма на штит со намалени димензии се носи на предниот дел на капата „ЕУ“ „ВЕ”.“

Член 4

Членот 44 се менува и гласи:

„Времето на траење, ваучер бодовите, годишниот лимит на нарачка и враќањето согласно ваучер системот на ознаките на основната униформа изнесува:

| ОЗНАКИ НА ОСНОВНАТА УНИФОРМА | Време на траење | Ваучер бодови | Годишен лимит на нарачка | Враќање |
|---|---|---|---|---|
| 1. натпис „ПОЛИЦИЈА“ | / | 01 | 3 | не |
| 2. натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ | / | 01 | 3 | не |
| 3. амблем „ПОЛИЦИЈА“ | / | 1,5 | 3 | не |
| 4. амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ | / | 01 | 3 | не |
| 5. натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” | / | 01 | 3 | не |
| 6. натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT” | / | 01 | 3 | не |
| 7. амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” | / | 1,5 | 3 | не |
| 8. амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE” | / | 01 | 3 | не |
| 9. амблем во форма на штит со намалени димензии | / | 1,5 | 3 | не |
| 10. метална ознака за шапка | / | 2,5 | 1 | не |

Член 5

Членот 56 се менува и гласи:

„Времето на траење, бројот на парчиња и враќањето согласно времето на траење на ознаките на униформата за извршување на посебни и специјални задачи изнесува:

| ОЗНАКИ НА УНИФОРМА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ И СПЕЦИЈАЛНИ ЗАДАЧИ | Време на траење | Број на парчиња | Враќање |
|---|---|---|---|
| 1. амблем „ПОЛИЦИЈА“ | 36 месеци | 06 | не |
| 2. амблем „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА - ТИГАР“ | 36 месеци | 06 | не |
| 3. амблем „ЕДИНИЦА ЗА БРЗО РАСПОРЕДУВАЊЕ“ | 36 месеци | 06 | не |
| 4. амблем „ПОСЕБНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА“ | 36 месеци | 06 | не |
| 5. амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ | 36 месеци | 06 | не |
| 6. амблем „ПОЛИЦИСКО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ | 36 месеци | 06 | не |
| 7. амблем „МОБИЛНА ЕДИНИЦА ЗА КОМПЕНЗАТОРНИ МЕРКИ“ | 36 месеци | 06 | не |
| 8. амблем „ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА“ | 36 месеци | 06 | не |
| 9. амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“ | 36 месеци | 06 | не |
| 10. амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI POLICOR PËR INTERVENIM“ | 36 месеци | 06 | не |
| 11. амблем „ПОЛИЦИСКО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJISIA POLICORE E POLICISË INTERVENTE“ | 36 месеци | 06 | не |
| 12. амблем во форма на круг со намалени димензии за Специјална антитерористичка единица - Тигар | 36 месеци | 06 | не |
| 13. амблем во форма на круг со намалени димензии за Единица за брзо распоредување | 36 месеци | 06 | не |
| 14. амблем во форма на круг со намалени димензии за Единицата за интервентна полиција | 36 месеци | 06 | не |
| 15. амблем во форма на круг со намалени димензии за Единица за службени кучиња | 36 месеци | 06 | не |
| 16. амблем во форма на штит со намалени димензии | 36 месеци | 06 | не |
| 17. натпис за идентификација | 36 месеци | 06 | не |
| 18. натпис „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ | 36 месеци | 06 | не |
| 19. натпис „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „MAQEDONIA E VERIUT“ | 36 месеци | 06 | не |
| 20. правоаголен амблем со натпис за специјалност, оперативна и крвна група | 36 месеци | 06 | не |
| 21. метален амблем во форма на круг со намалени димензии | 36 месеци | 01 | не |

“

Член 6

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 67/22).

Бр. 13.1.1-4423/1
16 јануари 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.